Department of **Local Government, Industry Regulation and Safety**

GOVERNMENT OF WESTERN AUSTRALIA

Building and Energy Western Australia

Macedonian | Македонски




# Практичен водич за сигурносни прекинувачи за RCD уреди




# Практичен совет

Тестирањето на вашиот заштитен уред за диференцијална струја (Residual Current Device - RCD), познат и како сигурносен прекинувач (safety switch), помага вие и вашето семејство да се заштитите од електричен удар.

Ако се чувствувате сигурни дека можете да го направите тоа и вашето сандаче за струјомер е во добра состојба:

1. Отворете го сандачето за струјомер.
2. Притиснете го копчето за Тест (Test) на секој RCD уред. Тоа е означено е со буквата **T**.
3. Прекинувачот треба веднаш да се исклучи (**OFF**).
4. Повторно вклучете го прекинувачот (**ON**).

Со ова се ресетира сигурносниот прекинувач.

Ако прекинувачот не се исклучи или не се вклучи повторно, повикајте лиценциран електричен изведувач (electrical contractor).

Проверувајте го вашиот сигурносен прекинувач на секои 3 месеци или почесто доколку така е наведено во упатствата.

# Зошто RCD уредите се важни?

Заштитните уреди за диференцијална струја (RCD уреди) помагаат да се спречат:

- Електричен удар.
- Сериозни повреди.
- Пожари предизвикани од електрична инсталација.

Прекинувачите и осигурувачите во вашата разводна табла не ве штитат вас и вашето семејство од електричен удар. RCD уредот го прави тоа.

За да го направите вашиот дом или бизнис побезбеден, мора да имате инсталирано најмалку два сигурносни прекинувачи за RCD уреди.

Лиценциран електричен изведувач може да ги инсталира RCD уредите за вас.

Ако немате RCD уред, не сте заштитени.

**ИНСТАЛИРАЈТЕ RCD уреди**



# Каде се наоѓа копчето за Тест (Т)?

Побарајте ја буквата **T** на вашиот RCD уред.

Копчето може да биде во различна форма или боја, но на него секогаш ќе ја има буквата **T** .

Ако не можете да го најдете копчето **T** :

- Фотографирајте го вашиот RCD уред.
- Испратете ја фотографијата по имејл на EGPGeneralAdmin@lgirs.wa.gov.au и член од тимот за Градежништво и Енергија (Building and Energy) ќе ви помогне.






**ПОБАРАЈТЕ ЈА БУКВАТА**

**Т**

**3**




**4**




**5**




**6**



# Правила за сигурносни прекинувачи на RCD уреди

## Ако го продавате вашиот дом

Пред да го продадете вашиот дом, мора да бидат инсталирани RCD уреди за сите струјни кола и за приклучоци и осветлување.

Доколку не се инсталирани два или повеќе RCD уреди, ќе треба да ангажирате лиценциран електричен изведувач за да ги инсталира со цел да се исполнат Прописите за електрична енергија (Electricity Regulations).

## Ако изнајмувате дом

Сопствениците на имоти мора да инсталираат RCD уреди во нивните објекти за изнајмување, во согласност со Прописите за електрична енергија.

Ако не се инсталирани RCD уреди, станарите треба да го контактираат сопственикот или агентот и да побараат тие да бидат инсталирани како што е наложено.

Станарите треба исто така:

- Да ги тестираат RCD уредите на секои 3 месеци.
- Да ги пријават сите дефекти на сопственикот или агентот.

Ако некој RCD уред не работи, тој мора веднаш да се замени.

## Колку RCD уреди ви се потребни?

Потребни се најмалку два RCD уреди, во согласност со Прописите за електрична енергија. На некои имоти може да им бидат потребни повеќе.

Лиценциран електричен изведувач ќе го инсталира соодветниот број на уреди за вашиот имот и ќе се погрижи вашиот имот да ги исполнува прописите.

# Дали ми е потребен лиценциран електричен изведувач?

**Да**. Мора да користите лиценциран електричен изведувач за инсталација на RCD уреди или за отстранување на какви било дефекти.

## Не изведувајте сами електрични работи

Не изведувајте сами електрични работи или не користете нелиценцирано лице.
Ова е опасно.

Може да доживеете електричен удар или да предизвикате пожар.

Лиценцираните електрични изведувачи:

- се обучени,
- ги почитуваат законите за безбедност,
- го гарантираат квалитетот на нивната работа.

**Незаконски е лица без лиценца да вршат електрични работи.**



# Како да најдете лиценциран електричен изведувач?

Можете да ги проверите лиценците на електрични изведувачи онлајн.

- Лиценцата за електричен изведувач започнува со EC
- Лиценцата за електричар започнува со EW

Најдете електричен изведувач

Влада на Западна Австралија

**Министерство за локална самоуправа, индустриска регулатива и безбедност (Department of Local Government, Industry Regulation and Safety)**

**Градежништво и енергија (Building and Energy)**

Телефон: **1300 489 099**

Работно време: **8:30 наутро - 4:30 попладне**

**Физичка адреса:**

Level 1 Mason Bird Building
303 Sevenoaks Street (влез од Grose Avenue)
Cannington Western Australia 6107

Веб-страница: www.wa.gov.au/building-and-energy

Имејл: be.info@lgirs.wa.gov.au

Поштенска адреса**:** Locked Bag 100 East Perth WA 6892

**Дополнителна поддршка:**

Национална служба за посредничка комуникација за лица со оштетен слух и говор (National Relay Service): 13 36 77

Служба за преведување и толкување (TIS) 13 14 50

Оваа публикација е достапна во други формати на барање.

LGIRS26_0202